**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ”- БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр.08-235/2**
**30.03.2020 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18) член 2 и член 3 од Правилникот за начинот на реализација на дејноста на Универзитетот “Св. Климент Охридски”-Битола и единиците во неговиот состав, согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID - 19, Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност-Скопје, на седницата одржана на ден 30.03.2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за организирање на предавања и други активности кои ја сочинуваат наставата во Факултетот за безбедност – Скопје на прв и втор циклус на студии, со примена на средства за електронска комуникација

1. Предавањата и другите активности кои ја сочинуваат наставата на Факултетот за безбедност – Скопје за прв и втор циклус на студии, продолжуваат да се одвиваат со примена на средства за електронска комуникација.

2. Другите активности кои ја сочинуваат наставата се одвиваат со примена на средства за електронска комуникација, доколку тоа го дозволува природата на тој вид на настава.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Примерок од Одлуката да се достави до: Деканот на Факултетот, Продеканот за настава, Раководител на прв циклус студии, Раководител на втор циклус студии и архива.

**Д Е К А Н**

**Вонреден проф. д-р Никола Дујовски**

Изработил: Ѓорѓи Мешков